ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

Република Северна Македонија
Општина Велес
Број: 26-529/3
28.01.2025 година

Врз основа на член 6 став 1 точка 4 и член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија“ бр.101/19), имателот на информации Општина Велес, постапувајќи по барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.26-529/1 од 20.01.2025 година поднесено од барател[redacted]со адреса на живеење на ул[redacted] го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер со бр.26-529/1 од 20.01.2025 година, поднесено од[redacted]со адреса на живеење на у[redacted] со кое се бара издавање на Решение ИП1 бр.17-19 од 14.06.2022 година од инспекциска постапка што ја води овластен градежен инспектор при Општина Велес, **СЕ ОДБИВА.**

### Образложение

Барателот[redacted]поднесе до Општина Велес барање за слободен пристап до информации од јавен карактер со бр. 26-529/1 од 20.01.2025 година, со кое ја бара следната информација:

„Издавање на Решение ИП1 бр.17-19 од 14.06.2022 година, донесено од овластен градежен инспектор при Општина Велес“

Начинот на кој барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација е во форма на препис преку пошта.

Службените лица за посредување со информации од јавен карактер кај имателот на информации Општина Велес, го разгледаа Барањето со бр.26-529/1 од 20.01.2025 година, поднесено од[redacted], и постапувајќи во законски определениот рок на ден 28.01.2025 година спроведоа тест за штетност за бараните информации.

Согласно спроведениот тест за штетност од 28.01.2025 година, од страна на службените лица за посредување со информации од јавен карактер е констатирано дека бараните информации од инспекциски постапки што ги води овластен градежен инспектор при Општина Велес се информации стекнати односно составени за спроведување на управна постапка која е во тек, а чие давање би имало штетни последици за текот на постапката која што се води пред овластениот градежен инспектор, што е во согласност со член 6 став 1 точка 4 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Исто така, овластените службени лица констатираа дека барањето се однесува на информации од постапка која се води за недвижност во приватна сопственост и истите не се од јавен карактер односно јавен интерес.

Законската дефиниција на "јавниот интерес" значи дека остварувањето на јавниот интерес подразбира остварување на интересот на пошироката заедница

како целина, којшто има првенство пред индивидуалните потреби и права на поединците.

Тестот за штетност е задолжителна постапка со која имателот на информацијата ги проверува последиците врз интересот кој се заштитува, односно јавниот интерес што би се постигнал со објавувањето на информациите.

Целта на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер е на физичките и правните лица да им се овозможи да го остварат правото на слободен пристап до информации од јавен карактер и обезбедат јавност и отвореност во работењето на органите, за начинот на користење и трошење на јавните пари, парите на граѓаните, да се овозможи учество на граѓаните во креирањето и водењето на јавните политики и слично.

Законот за слободен пристап нема за цел преку поднесување на барање за пристап до информации од јавен карактер, барателите на информации да остваруваат лични, приватни или индивидуални права или како странки да обезбедуваат докази за водење на судски постапки, дополнително да бараат и предлагаат преземање на управни дејствија и донесување на потврди, извештаи и/или други акти, за кои се во тек, или врз основа на бараните податоци ќе бидат поведени постапки пред надлежните судови, каде што барателот за пристап до информации од јавен карактер е една од странките во спорот и истиот своето право го остварува согласно одредбите од други материјални закони, како Законот за адвокатура, Законот за парничната постапка и други материјални закони.

Согласно горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука:** Против ова Решение незадоволната странка може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

За Општина Велес
Службени лица за посредување со информации од јавен карактер

Даниела Саздова
Фросина Маџарова
Марија Цилакова
Магдалена Грубор

***Доставено до:***
-барателот;
-списи и архива.